| Почеток на неделата: **датум:**<br>**број на час: 106** | | | Единица **Алгебра и решавање проблеми** **П1**<br>**Подготовка за трета контролна писмена работа** | | | Одделение **IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Време | Цели на учење | Критериуми за успех | Активности<br>Опис | Форми и техники | Ресурси | Доказ за постигнување |
| 40 мин | Применува правила за множење и делење на степени во трансформирање на алгебарски изрази. Работи со броеви, алгебарски изрази и равенки и применува често користени алгоритми. Поедноставува или трансформира алгебарски изрази преку извлекување на моном како заеднички множител. Собира и одзема едноставни алгебарски дропки. Составува и решава линеарни равенки со коефициенти цели броеви; решава проблем со броеви со составување и решавање на линеарна равенка. Наоѓа инверзна функција на линеарна функција. Генерира членови на низа со користење на правилото за одредување на следен член и одредување на било кој член од низата користејќи го општиот член. | Можам да применувам правила за множење и делење на степени во трансформирање на алгебарски изрази. Може да работи со броеви, алгебарски изрази и равенки и применува често користени алгоритми. Може да поедноставува или трансформира алгебарски изрази преку извлекување на моном како заеднички множител. Може да собира и одзема едноставни алгебарски дропки. Составува и решава линеарни равенки со коефициенти цели броеви; Може да решава проблем со броеви со составување и решавање на линеарна равенка. Можам да наоѓам инверзна функција на линеарна функција. Можам да генерирам членови на низа со користење на правилото за одредување на следен член и одредување на било кој член од низата користејќи го општиот член. | Наставникот ги истакнува критериумите за успех и им ги дели на учениците работните листови во кои има задачи за подготовка за писмена работа напишани по нивоа. Учениците самите избираат кој услов т.е кое ниво од задачата ќе го решаваат според нивото на нивно знаење. Учениците ги решаваат задачите од листот, а наставникот им извршува проверка на задачите. | И | Работен лист со задачи | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Учениците се поделени по групи според нивото на знаење со изборот на задачата која ја избрале во работниот лист со задачи според нивото на знаење. Задачите се решаваат индивидуално, а наставникот врши проверка на резултатите. Побрзите ученици ги решаваат и задачите од другите нивоа.<br>Наставникот наблудува и дава поддршка во текот на работата на учениците. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**: Работниот лист со задачи останува за домашна работа притоа учениците ги решаваат другите нивоа кои не ги избрале за решавање за време на часот. | множи, дели, цифра, внесува вредност, објаснува, оправдува, заокружува, дропка, децимален број, степен, експонент, алгебарски израз, инверзна функција<br>низа<br>шаблон / модел<br>член<br>правило за добивање на член<br>по член општ член<br>И-индивидуална работа |